**Развојот, улогата и значењето на сметководствената и ревизорската професија**

Почитувани гости, почитувани декан и продекан, почитувани студенти

Мене ми припадна честа накратко да се осврнам за развојот, улогата и значењето на сметководствената и ревизорската професија.

На интернет најдов едно видео со интересни факти за сметководството, па предлагам заедно да го погледнеме

Иако зачетоците на сметководството се многу одамна, 10 ноември 1494 година се смета за почеток на формирањето на професијата сметководител низ целиот свет. Тогаш венецијанскиот математичар Лука Пачиоли, кој го нарекуваат и „татко на сметководството“, ја објави книгата „Збирот на аритметиката, геометријата, соодносите и пропорциите“, во која, меѓу другото, се зборува и за принципите на сметководството и методот на двојно книговодство, а исто така опишува и како да се користат сметководствените регистри и регистрацијата на дневниците за нарачки.

Затоа Меѓународниот ден на сметководителот се слави на 10 ноември. Овој празник е признаен од Обединетите нации, по препорака на УНЕСКО.

Меѓународниот ден на сметководството секоја година се прославува ширум светот за да им се оддаде признание на сметководителите кои имаат работа полна со предизвици, работа на која малку луѓе се подготвени да и се посветат.

Во Република Северна Македонија, овој ден за прв пат беше прославен во 1972 година како “Ден на сметководствената кариера” за да се промовира сметководствената професија, а од 1976 година името се разви во “Ден на сметководството”.

Ниту една компанија, било да е голема или мала, трговска, производствена или услужна, неможе да го замисли своето постоење без сметководител, било да е интерен – вработен во самата компанија или пак екстерен - вработен во друштво за вршење на сметководствени работи.. За секоја компанија тоа е суштинска функција која го помага менаџирањето, и ја поврзува компанијата со даночните власти.

Квалитетна, навремена и точна информација е од исклучителна важност за донесување на навремена и точна одлука. Најверодостоен извор на информации за финансиското работење на

компаниите се ревидираните финансиски извештаи подготвени според Меѓународните стандарди за финансиско ивестување. Одговорноста за подготовка на финансиските извештаи е на менаџментот но во пракса, одговорноста за вистинитоста и точноста на информациите презентирани во финансиските извештаи е на овластениот сметководител.

Сметководителите се јадрото на економијата, важна алка помеѓу државата и бизнис секторот, одговорни за пресметување и прибирање на даноците од кои се полни буџетот, сметководителите се консултанти на бизнис секторот.

За регулирање на професијата сметководител кај нас, во 2012 година е донесен Законот за вршење сметководствени работи со кој се очекуваше да се стави ред во професијата и истата да се издигне на пиедесталот кој го заслужува. Во текот на годините што следуваа се направија неколку измени и дополнувања на истиот во функција на допрецизирање на законските одредби, за да во август 2022 година се донесе нов Закон за вршење на сметководсвени работи со кој се уредуваат условите на вршење на сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за стекнување со статус на сметководител и овластен сметководител, организацијата и работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители, основањето и надлежностите на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија, како и други прашања кои се однесуваат на вршењето на сметководствени работи.

Мораме да им оддадеме почит на сметководителите за товарот кој го понесоа на своите плеќи при справувањето со Пандемијата Ковид 19, која наметна многу промени и предизвици во секојдневното живеење на граѓаните и функционирање на бизнис секторот.

Заради ублажување на последиците од здравствената криза, беа донесени неколку пакет мерки за финансиска поддршка, кои беа наменети за бизнис секторот и граѓаните, се со цел да се обезбедат основни услови за нормално функционитање и живеење.

За реализација на сите мерки за финансиска поддршка, беа обврзани сметководителите. И покрај сите ризици кои ги носеше пандемијата, сметководителите мораа да работат бидејќи тие се логистичка поддршка на бизнис секторот и одговорни за точноста на информациите презентирани во финансиските извештаи и даночните пријави.

Не помалку важна е одговорноста на сметководителите и оваа година во услови на справување со финансиската и енергетската криза.

Напоредно со сметководствената, и ревизорската професија има исклучително важна улога за подигање на квалитетот и кредибилитетот на финансиските извештаи, кои се основа за

донесување на деловни одлуки и од страна на самите компании, но и за креирање на фискалната и монетарната политика во Република Северна Македонија.

Имајќи во предвид дека најголем број од сметководителите во Република Северна Македонија се повозрасни односно пред пензионирање, неминовно се наметнува потребата за едуцирање на млади кадри кои ќе го прифатат предизвикот за да продолжат да го поддржуваат бизнис секторот.

Во таа насока, Економски факултет при УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип има акредитирана студиска програма Сметководство и ревизија, на која студентите се едуцираат за професионално да се ангажираат по дипломирањето.

Студиската програма Сметководство и ревизија е акредитирана и од страна на Меѓународната асоцијација на овластени сметководители АССА со што на студентите кои сакаат да го надоградуват своето знаење и да се стекнат со меѓународна лиценца за овластен ревизор по дипломирањето на нашиот факултет им се признаваат 4 предмети како положени.

Морам да истакнам дека со Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија имаме потпишано Меморандум за соработка и имаме двонасочна соработка и поддршка. Претставници на ИОРРСМ често се наши гости при изведување на клиничка настава за нашите студенти, а пак нашите студенти ги следат предавањата за континуирано професионално усовршување на ревизорите и ги презентираат своите научно – истржувачки трудови.

Во мај 2021 година Економски факултет при УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип ја организираше својата 3-та меѓународна конференција на тема ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛНИ ИМПЛИКАЦИИ НА КОВИД-19, ПРЕДИЗВИЦИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ. Програмата на конференцијата беше следена од овластените ревизори како дел од нивното континуирано професионално усовршување.

Исклучително ја цениме е соработката што ја оствaруваме со Управата за јавни приходи, Народна банка, Сојузот на стопански комори, Институтот и Комората на сметководители, Царинска управа, и уште многу други органи и институции, како и со бизнис секторот, која што е од непроценлива важност за Економски факултет но и за нашите студенти, кои покрај теоретските можат да се стекнат и со практични знаења и искуства за полесно да се вклопат во работните процеси по дипломирањето.

Наставниот кадар на Економски факултет при УНИВЕРЗИТЕТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ Штип во рамките на својата научноистражувачка работа, активно соработува со овластените сметководители за да ги слушне проблемите со кои се соочуваат како и нивните потреби и очекувања. На 3-тата меѓународна конференција беа презентирани трудовите со наслов ТОВАРОТ НА

СМЕТКОВОДИТЕЛИТЕ ПРЕДИЗВИКАН ОД КОВИД 19 ПАНДЕМИЈАТА и ПРАВАТА НАСПРОТИ ОБВРСКИТЕ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИТЕ, кои беа подготвени врз основа на реално емпириско истражување во соработка со овластените сметководители и Друштвата за сметководство евидентирани во регистрите на Институтот на сметководители и овластени сметководители.

Морам да истакнам дека голем број од проблемите и барањата на сметководителите кои беа наведени во заклучоците на овие два труда се решени со новиот закон за вршење на сметковоствени работи.

Сеуште стои проблемот со слаботo функционирање на системот е - даноци поради што поднесувањето на електронските документи, сметководителите вообичаено го вршат ндвор од редовното работно време во доцните ноќни часови и затоа неминовна е надградба на системот е-даноци за навремено поднесување на пропишаните обрасци. Сметководителите сметаат дека електронските пријави се поднесуваат во последните денови од пропишаите рокови поради ненавремено доставени документи  и дополнителни обврски кои им се наметнуваат на сметководителите, а не се сметководствени работи.

За надминување на ваквата состојба неминовна е поголема ажурност од страна на менаџментот за навремено комплетирање на документацијата која треба сметководителите да ја обработат и евидентираат.

На задоволсво на сите, и Управата за јавни приходи го детектира проблемот па ги продолжува роковите за доставување на ДДВ пријавите.

Исто така, сметководителите очекуваат при носење на нови законски решенија да бидат консултирани како експерти од пракса за да не се случуваат чести измени и дополнувања на законите.

**Заклучок**

Сметководителите се од исклучителна важност за бизнис секторот и за државата, затоа сметководствената професија треба да се издигне на многу повисоко ниво – како професија од јавен интерес, со што ќе се зголеми интересот за оваа професија од страна на младите.

За некој сметководството претставува досадна професија врзана со бројки, но за сметководителите пак, тоа е начин на живот, работа која ја носат дома, на одмор и на викенд, затоа што имаат одговорност за сите клиенти кои им го довериле сметководството.

Јас би рекла дека сметководството и ревизијата се благородни професии, бидејќи сметководителите и ревизорите со својот професионален пристап, континуираното

професионално усовршување и посветено работење, придонесуваат за раст и развој на стопанските субјекти и на економијата воопшто.

Денес го славиме меѓународниот ден на сметководителите, и на сите колеги кои напорно и посветено работат им го честитаме овој ден.

1. Потекнувам од семејство во кое на моите најблиски сметководството им е животен позив и секојдневно ги следам проблемите со кои се соочуваат сметководителите.

**Прашањето до директорката на Управата за јавни приходи ми е**

**Зошто сметководствените услуги немаат третман како што се услугите на: проценителите, нотарите, извршителите, адвокатите, вештите лица, ... и да има тарифник според кој ќе ги наплатуваат сметководствените услуги?**

**2. Прашање за Игор Митевски**

**Законот за ревизија кај нас пропишува за полагање за Овластен ревизор кандидатот треба да има завршено високо образование со 240 ЕКТ кредити, додека АССА дозволува полагање и со завршено средно образование со полагање дополнителни испити. Дали и кај на с се размислува во таа насока за да им се даде можност што порано и што повеќе млади да започнат со полагање?**

**3. Прашање за Ромео Костадинов**

**Сметководителите и ревизорите се обврзани континуиран професионално да се усовршуваат. Дали се прават обуки специјализирани според теми на интерес**